# ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ
## ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ
ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

ЗЕЛС

# ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ

# ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИИТЕ

# ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Јули 2009

**Наслов:**
Практичен водич за работата на Комисиите за односи меѓу заедниците

**Издавач:**
Заедница на единиците на локалната самоуправа
на Република Македонија - ЗЕЛС

**Адреса на издавачот:**
ЗЕЛС, ул „Женевска" б.б.
П.Ф. 32
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: o2/3099033; факс 02/3061994
е-маил: contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

**Извршен директор:**
Душица Перишиќ

**Подготвил:**
Љуљзим Хазири
Маргита Стојановиќ
Скендер Мехмети
Абдуљазиз Фејзулаху

**Лектор:** Наташа Главичиќ

**Тираж:** 300 копии

Број на страници: 32
Формат: А5 Портрет

**Печат и дизајн:** Бригада дизајн

# ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Ни претставува особена чест како Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС да го претставиме пред Вас прирачникот “Практичен водич за работата на комисиите за односи меѓу заедниците”, кој првенствено е наменет да послужи како водич низ работата на членовите на комисиите за односи меѓу заедниците (во понатамошниот текст КОМЗ), членовите на советите на општините, градоначалниците и општинската администрација, но и на сите читатели од пошироката јавност заинтересирани за унапредување на локалната демократија во Македонија со цел промоција на работата на комисиите за односи меѓу заедниците, како една од фундаменталните вредности на демократијата на локално ниво.

Со Законот за локална самоуправа од 2002 год. со кој непосредно се уредуваат надлежностите на општините, како и други прашања од значење за локалната самоуправа, се предвидува и формирањето на КОМЗ, како сегмент во општеството кој би требало да придонесе кон подобрување на меѓуетничките односи и мултиетничката демократија. Според законот за ЛС член 55 се предвидува дека во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира Комисија за односи меѓу заедниците.

Клучната улога на ЗЕЛС во создавањето на подобар политички систем на локално ниво и водењето на активна битка во процесот на постигнување на поуспешна децентрализација на власта како една од главните цели на ЗЕЛС претставуваат главна определба и воедно и предизвици за  усвојување во наредните години.

Имајќи ја предвид улогата на КОМЗ за функционирање на локалната демократија во општества со мултиетничка структура на население или општества со културолошки разлики и имајќи ја предвид потребата за помош на КОМЗ, ЗЕЛС презема низа активности за поддршка на овие комисии, во рамките на кои е и печатењето на овој прирачник, кој со задоволство Ви го претставуваме.

Воедно ја користиме приликата да се заблагодариме на Швајцарската агенција за развој и соработка - СДЦ која финансиски го потпомогна издавањето на овој прирачник, активност предвидена со проектот „ЗЕЛС самостојност и услуги „.

Душица Перишиќ

Извршен директор,
Заедница на единиците на локалната самоуправа
на Република Македонија (ЗЕЛС)

# Содржина:

Предговор 3
Содржина 5
1. Причини и потреби за формирање на КОМЗ . 7
2. Законска регулатива за формирање и функционирање на КОМЗ. 7
2.1. Статут на општината. 10
2.1.1 Етнички заедници. 10
2.1.2 Избор на претставници. 10
2.1.3 Број на членови на КОМЗ и број на претставници на секоја заедница. 11
2.2. Деловник. 12
2.3. Поддршка од страна на општината. 14
3. Општини во кои согласно законот треба да се формираат КОМЗ. 15
4. Формирање на КОМЗ во општини кои според законот не се обврзани да формираат вакви тела. 16
5. Мандат на КОМЗ. 17
5.1. Правно-обврзувачки прашања. 17
5.2. Превенција и разрешување на конфликти и недоразбирања. 19
6. Препораки до Советот на општината за избор на членови на КОМЗ. 21
6.1. Профил на соодветен член на КОМЗ. 22
7. Комуникација помеѓу КОМЗ и Советот на општината. 23
8. Соработка на КОМЗ со други заинтересирани страни. 24
8.1. Соработка со медиумите. 24
8.2. Соработка со здруженијата на граѓани. 25
9. Препораки за идната работа и функционирање на КОМЗ. 26
10. Искуства од други земји. 27
Република Србија - Совети за меѓунационални односи. 27
Република Хрватска - Собрание и претставници на националните малцинства. 28
11. Корисни линкови. 29
12. Библиографија 30

# 1 Причини и потреби за формирање на КОМЗ

Процесот на децентрализација на јавната власт во многу земји се одвиваше со цел да се зацврсти локалната власт и да се обезбедат подобри услови за луѓето во рамки на нивните локални заедници, додека пак во некои земји главните причини за децентрализацијата беа политички. Децентрализацијата и локалната власт стануваат сè повеќе признати како основни компоненти на ефикасна демократизација, бидејќи обезбедуваат услови во кои донесувањето одлуки и испораката на услуги стануваат поблиски до граѓаните. Всушност, со процесот на децентрализација, локалните власти добија одговорности за потребите и прашањата на граѓаните, но и можност да овозможат учество на граѓаните во процесот на одлучување за прашања од локално значење.

Амандманите на Уставот на Република Македонија од ноември 2001 год. ја поттикнаа реформата на локалната самоуправа која започна во 1999 г., кога Владата на Република Македонија ја донесе стратегијата за реформа на локалната самоуправа. Во јануари 2002 г., по усвојувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија, се донесе нов Закон за локална самоуправа.

Законот за локална самоуправа помага во зацврстувањето на демократијата низ целата земја и ги доближува јавните услуги до граѓаните. Главна цел е да се обезбеди локалното одлучување да биде подобро усогласено со локалните потреби, особено во врска со тие одлуки кои имаат диспропорционален ефект врз немнозинските етнички заедници. Оттука, фискалната децентрализација, зацврстувањето на општинските одговорности, градењето на институциите и органите како што се **комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ)** и принципот на правична застапеност и споделување на власта се очекува да ги приближат различните етнички заедници.

На долг рок, се очекува децентрализацијата да ги намали меѓуетничките тензии. Живеејќи и работејќи поблиску до локалното население, од локалните политичари се очекува да се потрудат да ги доближат различните етнички заедници во нивните општини за разлика од националните политичари, кои пак се подистанцирани и често се помалку засегнати со локални проблеми. Друга причина за позитивна проценка на влијанието на локалните политичари врз меѓуетничките односи е дека процесот на децентрализација обезбедува повеќе политички, социјални и економски права на луѓето од различно етничко потекло. Исто така, децентрализацијата обезбедува повеќе ингеренции за локалните власти, кои сега се очекува да бидат пофокусирани на намалување на етничките тензии.

Врз основа на **Законот за локална самоуправа, член 55** („Сл. весник" бр.5/2002)[1], предвидено е формирање Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ). КОМЗ е консултативно тело при Совет на општина и се формира во општини каде повеќ е од 20% од структурата на населението се припадници на одредена етничка заедница. Нејзиното формирање е засновано на ефикасно решавање на потреби, проблеми и прашања, што ги засегаат припадниците на етничките заедници. Општините каде бројот на припадниците на етничките заедници е под 20% не се обврзани, но можат да формираат ваква комисија.

Комисијата за односи меѓу заедниците има за цел да ги развива и подобрува односите меѓу различните етнички заедници и да обезбеди активно учество на немнозинските заедници во процесот на донесување одлуки во врска со прашања кои имаат етничка природа и кои се наоѓаат во агендата на Советот. Еден развиен орган на локалната самоуправа создава поволни услови за отворен социјален дијалог, за консензуална демократија и активно учество на граѓаните.

Пропорционалниот изборен систем за локалните избори не гарантира дека сите етнички заедници, кои живеат во една општина ќе успеат да бидат застапени на пропорционален начин во Општинскиот совет. КОМЗ се формирани за да обезбедат учество на сите етнички заедници во процесот на донесување одлуки и да им дадат можност да расправаат на исто ниво за прашања што се однесуваат на нивната етничка припадност, без оглед на тоа дали се или не се членови на Општинскиот совет. Така КОМЗ играат двојна улога во социо-економскиот контекст: обезбедување институционален дијалог помеѓу различни етнички заедници и можност за непосредно учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки. Затоа е важно механизмите, како што е КОМЗ, да се формираат и да функционираат на ефикасен начин.

---

[1] Законот е достапен и на интернет - страница :**http://www.pravo.org.mk/download/Zakoni/lokalna_samouprava.pdf,** како и на интернет- адресата на ЗЕЛС: **www.zels.org.mk**

# 2 Законска регулатива за формирање и функционирање на КОМЗ

Законот за локална самоуправа **(„Сл. весник" бр.5/2002)**, предвидува формирање **Комисија за односи меѓу заедниците**, според членот 55 кој гласи:

„(1) Во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира Комисија за односи меѓу заедниците.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината.

(3) Начинот на избор на членовите на Комисијата се уредува со статут.

(4) Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините за нивно решавање.

(5) Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од ставот (4) на овој член и да одлучи во врска со нив." (од ЗЛС, член 55, „Сл. весник" бр. 5 / 2002).

Активностите на КОМЗ се насочени кон целосно остварување на правата и потребите на културно, образовно, верско, социјално ниво согласно со Уставот на РМ: Слобода на изразување на идентитетот (член 48 (1)); Право на употреба на симболите на својата заедница (Амандман VIII); Право на основање културни и уметнички институции и здруженија (член 48 (3)); Право на основање образовни институции (Амандман VIII); Право на настава на свој јазик (член 49) и Право на употреба на својот јазик како службен (Амандман V).

Покрај општините кои имаат законска обврска да формираат КОМЗ, секоја општина која смета дека има потреба да го подобри дијалогот меѓу заедниците кои живеат на нејзина територија, може да формира ваква Комисија. Би било добро во општините со значителен процент на немнозински етнички заедници да се формира КОМЗ, како ефикасен начин за вклучување на помалите етнички заедници кои не се соодветно претставени во Советот на општината и воспоставување дијалог меѓу заедниците.

## 2.1 Статут на општината

Формирањето и работата на Комисијата е уредено со Статутот на општината со кој се определува следното:

- Кои етнички заедници што живеат во општината ќе бидат претставени во Комисијата;
- Процедури за избор на претставници од секоја заедница како членови на КОМЗ;
- Членови на Комисијата: број на членови и број на претставници (членови) од секоја заедница.

### 2.1.1 Етнички заедници

Определувањето кои заедници треба да бидат претставени во Комисијата претставува предизвик, имајќи предвид дека во секоја општина постојат заедници кои се застапени со многу мал број. Статутот на општината треба да определи кои заедници ќе бидат застапени во Комисијата, земајќи ги предвид резултатите од последниот попис на население и имот. Советот треба да одлучи кои заедници се застапени во значителен број во општината. Објавувањето на јавен повик може да помогне да се спречи испуштањето на некоја релевантна заедница.

Уставот ги набројува следните заедници: Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци.

Овие заедници се групите кои се застапени во најголем број на национално ниво. Постојат и етнички групи кои немаат големо учество на национално ниво, но се значително застапени во одредена општина и се наведени во пописот како "други", на пр. Египќани, Хрвати и други.

### 2.1.2 Избор на претставници

Изборот на соодветни претставници на заедниците претставува дополнителен предизвик. Избраните претставници треба да се почитувани и влијателни граѓани во рамките на нивната заедница. Со статут, општината треба да одлучи кои заедници ќе бидат застапени, за процедурата на изборот, за бројот на членовите, како

и за бројот на претставниците од секоја заедница. Разликата помеѓу оваа и другите комисии е во тоа што членовите не треба да бидат само членови на Совет на општина, препорачливо е дел од членовите на КОМЗ да бидат надворешни лица, поради тоа што не сите етнички заедници кои живеат во општината имаат свој претставник во Советот.

Постојат неколку можни начини и методи за избор на членови на Комисијата:

- Номинирање од општинската комисија за избор и именување по претходна консултација со релевантните заинтересирани страни (регистрирани здруженија и граѓански организации на заедниците кои живеат на територија на општината);
- Јавен конкурс за пријавување на кандидати;
- Собир на граѓани на претставници од соодветна заедница;
- Предлог на градоначалникот кој се потврдува со гласање на советниците;
- Анкета за прибирање мислења на претставници на заедниците.

При изборот на член на КОМЗ важно е да се запазат и следните критериуми:

- Лицето да е државјанин на Р. Македонија;
- Да има постојано живеалиште во општината;
- Да нема против него изречено правосилна судска одлука за дело кое се казнува со казна затвор во траење од над три години.

### 2.1.3 Број на членови на КОМЗ и број на претставници на секоја заедница

Законот предвидува дека секоја заедница треба да биде подеднакво претставена во КОМЗ, без разлика на учеството во вкупното население во општината, со цел да се овозможи еднакво право на глас за сите заедници. Еднаков број значи дека секоја заедница ќе има еден, или два, или три, или повеќе претставници во Комисијата.

При изборот на вкупниот број на членови на КОМЗ, треба да се води сметка да има доволен број, за да се овозможи дискусија. На пример: доколку во општината има само две или три заедници и секоја од нив само по еден претставник во

Комисијата, тогаш можностите за дискусија се ограничени на дијалог на двајца или тројца. Во вакви случаи, би било добро, секоја заедница да е застапена со по двајца или тројца претставници и така да се воспостави некаков форум за дискусија. Во друг случај, доколку во општината се застапени 6-7 заедници, номинирањето повеќе од двајца претставници од секоја заедница, ќе доведе до формирање на преголема комисија и ќе биде многу тешко за работа и дискусија. Статутот на општината треба да определи оптимален број на членови на КОМЗ за да се овозможи отворена и искрена дебата, овозможувајќи секоја заедница да номинира претставници со различни ставови.

## 2.2 Деловник

Деловникот претставува формален документ неопходен за конкретизирање на сите прашања неопходни за работа на КОМЗ, без да се преоптоварува содржината на Статутот на општината. За разлика од Статутот, Деловникот не претставува законска обврска, туку повеќе е акт заради тоа што е за внатрешна употреба на КОМЗ и затоа би требало да се изработи и да се усвои од самата КОМЗ.

Главната корист од постоењето на ваков документ е тоа што со него се разјаснуваат основните правила за работа на КОМЗ, се оддава впечаток на транспарентно и добро организирано тело, се овозможуваат поефикасни и поефективни дебати и се избегнуваат погрешни толкувања околу третманот на прашањата што ги разгледува КОМЗ. Во конкретниов случај, Деловникот треба да содржи одредби за деталите околу составот, организацијата и работата (свикување седници, време на свикување, рокови, права и обврски на членовите во рамките на КОМЗ, водење со седниците, административно-техничката поддршка на работата на КОМЗ, начин на комуникација со Општинскиот совет и другите релевантни тела). КОМЗ може да побараат техничка помош при изработка на своите деловници.

Со Деловникот за работа се регулираат следните прашања:

- Кој јазик да се користи на седниците на КОМЗ и евентуалното прашање за превод;
- Детали за составот на КОМЗ: кој може да свика конститутивна седница; постапка на конституирање; минимален кворум потребен за конституирање;

- Постапка за избор на претседател на КОМЗ;
- Овластувања и обврски на членовите на КОМЗ – претседателот треба да биде ˝прв меѓу еднаквите˝, само да раководи со седниците и, исто така, да има овластување да ја информира јавноста за работата на КОМЗ. По стандардната листа на права и обврски, во оваа смисла и принципите на толеранција, разбирање, дијалог, аргументираност треба посебно да бидат нагласени;
- Со каков повод треба да се состанува КОМЗ, колку често и каде;
- Седници на КОМЗ – кој свикува седница, кои се роковите и процедурите за информирање на членовите за седница, како се дефинира и дополнува агендата, како и кој ја подготвува документацијата која е релевантна за седницата; кој е кворумот за одржување на седница[2], кој го води записникот, како истиот се верификува; кој и како дава административна и техничка поддршка, како се дебатира и одлучува за различните видови прашања, како се доставуваат документите до Советот и до останатите засегнати страни и сл.

- Како КОМЗ ќе идентификува и ќе избере релевантни прашања.
  Ова треба да се направи на еден од следните начини:

  **а)** следење на агендите на Општинскиот совет;
  **б)** на иницијатива на општинските советници или комуникација со општинската администрација;
  **в)** на сопствена иницијатива на членовите на КОМЗ;
  **г)** со разгледување на предлози/иницијативи поднесени од граѓаните;
  **д)** со разгледување на предлози од неформални и формални групи на граѓани (политички партии, НВО и месни заедници)
  **ѓ**) со разгледување на општите акти и одредби во општината и проценка на нивното влијание при нивната примена кај различни етнички заедници и нивните односи.

- Вид и формат на документите издадени од КОМЗ;
- Начин на доставување на резултатите од работата на КОМЗ до Советот и до останатите засегнати страни;

[2] Пожелно е на седниците да се присутни сите членови за да се одржи балансот меѓу заедниците

- Процедури за прифаќање и промена на Деловникот за работа;
- Користење на технички и инпути од експерти (од администрацијата или надворешни експерти);
- Соработка на КОМЗ со други заинтересирани страни, комуникација со граѓани, транспарентност при работењето.
- Редовно, соодветно и навремено архивирање на целокупната документација на КОМЗ согласно Законот за архивско работење.

## 2.3 Поддршка од страна на општината

За да може КОМЗ соодветно да функционира, треба да бидат обезбедени определени услови за работа и комуникација. За да ѝ овозможи работа на Комисијата, општината би требало да ги обезбеди следниве услови:

- Простор за работа – просторија за одржување на состаноци на Комисијата, работни материјали, пристап до потребните закони, пристап до Интернет, простор за подготвителни работи на членовите на Комисијата.
- Административна поддршка – да назначи одговорно лице од страна на општинската администрација кое ќе ги врши административните работи на Комисијата, како на пример, праќање покани и друга кореспонденција, водење записник од состаноците, обезбедување на потребните документи и други материјали потребни за работа.
- Буџет за работа на Комисијата - работата на комисиите носи определени трошоци поврзани со: Дневните трошоци на членовите на КОМЗ - членовите немаат право на плата, но постои можност за надоместување на нивните дневни трошоци (за превоз и храна) заради присуство на состаноците, со оглед на тоа што во руралните општини во КОМЗ членуваат лица од населени места што се прилично оддалечени од општината.[3] Буџет за активностите предложени од Комисијата – општината би можела да вклучи во својата годишна програма за работа активности предложени од страна на КОМЗ, согласно со планираниот буџет.

[3] Види Закон за извршување на буџет на РМ, 2007, член 13 - 14

# 3 Општини во кои согласно законот треба да се формираат КОМЗ

Според ЗЛС, 20 општини се обврзани да основаат КОМЗ. Меѓутоа, тие не се формирани секаде. Општини кои имаат обврска да формираат КОМЗ се следните:

| Ред. број | Општина | Етничка структура на општината/заедници претставени во КОМЗ |
|---|---|---|
| 1. | Брвеница | Македонци, Албанци, Срби |
| 2. | Вранештица | Македонци, Албанци, Турци |
| 3. | Дебар | Македонци, Албанци, Турци, Роми |
| 4. | Долнени | Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци |
| 5. | Зелениково | Македонци, Албанци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 6. | Јегуновце | Македонци, Албанци, Срби, Роми |
| 7. | Кичевоњ | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби |
| 8. | Крушево | Македонци, Албанци, Турци, Власи, Бошњаци |
| 9. | Куманово | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби |
| 10. | Маврово и Ростуше | Македонци, Албанци, Турци |
| 11. | Петровец | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 12. | Сопиште | Македонци, Албанци, Турци |
| 13. | Струга | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 14. | Тетово | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |
| 15. | Чашка | Македонци, Албанци, Турци, Срби, Бошњаци |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Чучер Сандево | Македонци, Албанци, Срби |
| 17. | Скопје | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 18. | Бутел | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 19. | Чаир | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци |
| 20. | Шуто Оризари | Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци |

# 4 Формирање на КОМЗ во општини кои според законот не се обврзани да формираат вакви тела

Некои општини имаат формирано Комисија иако според законот не биле обврзани да го направат тоа, досега тоа го имаат направено следните општини: Врапчиште, Конче и Сарај. Во минатиот мандат КОМЗ имаше формирано и во Гостивар, Студеничани, Врапчиште, Другово и др. општини. Немнозинските заедници во овие општини претставуваат помалку од 20% од населението. Ова, општоземено, претставува позитивен знак за почитување на немнозинските етнички заедници. Немнозинските заедници во Гостивар и Студеничани се на прагот на границата: немнозинските етнички заедници во Гостивар, според пописот од 2002 година, стигнуваат до 19.59%, додека немнозинските етнички заедници во Студеничани стигнуваат до 19.05%.

# 5 Мандат на КОМЗ

Мандатот и улогата на КОМЗ, сфатена како консултативно тело на Советот на општината и како Форум на сите заедници во општината, би можеле да се сумираат во следниве теми:

- Правно-обврзувачки прашања поврзани со членот 41 од Законот за локална самоуправа (ЗЛС);
- Превенција и разрешување на конфликти и недоразбирања;
- Промовирање на толеранцијата, соработката и дијалогот меѓу заедниците.

## 5.1 Правно-обврзувачки прашања

Улогата на КОМЗ е да се претставатмислењата на различните заедници и дополнително да се информираат и самите заедници, особено да им се објаснат состојби и ситуации кои немаат етничка конотација, но можеби биле интерпретирани како такви. Предмет на дискусија на членовите на КОМЗ, се прашањата кои се однесуваат на членот 41 од ЗЛС:

### Член 41
### (Работа на седниците на Советот)

Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20 % од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Во случаите кога се носат одлуки по однос на прашања кои се од посебен интерес за заедниците, Општинскиот совет е обврзан да го користи принципот на двојно (таканаречено „Бадинтерово”) мнозинство. Овие иницијативи би било пожелно претходно да бидат предмет на разгледување од страна на членовите на КОМЗ и нивното мислење да се земе предвид од страна на Советот при гласањето на одлуките. Законот за локална самоуправа ги наведува следниве прашања:

- Култура;
- Употреба на јазици и писмото на немнозинските етнички заедници;
- Имиња на улици и други јавни објекти;
- Определување и употреба на грб и знаме на општината.

Двојното мнозинство или **„Бадинтеровиот принцип"** претставува процедура за гласање пропишана во Охридскиот рамковен договор, точка 5 (Посебни парламентарни процедури). Според оваа одредба, за усвојување на закони или правила кои на непосреден начин влијаат врз прашања кои се однесуваат на немнозинските заедници, треба да се обезбеди мнозинство гласови при што треба да има мнозинство гласови од страна на припадници на заедници кои не се мнозинство. Ова правило важи како на централно ниво така и на локално ниво.

Во делот на **културата** ова правило се применува во следните случаи:

- Институционална и финансиска поддршка на културните институции и проекти;
- Промовирање на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- Организација на културни манифестации;
- Поддршка на различни форми на творештво.[4]

Во поглед на **употребата на јазиците и писмото**, Законот за локална самоуправа дава јасни правила:

- Во општините, официјален јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, е и јазикот и писмото што ги користат најмалку 20% од граѓаните на општината;[5]
- За употребата на јазиците и писмата што се користат од помалку од 20% граѓани во општината, одлука носи Општинскиот совет.

[4] Релевантни се следниве закони; Закон за култура, Закон за библиотеки, Закон за музеи, Закон за споменици , Закон за заштита на културно наследство.

[5] Според податоците од последниот попис на домаќинствата и населението на РМ од 2002, дури 55% од населението живее во општини каде барем една заедница е претставена со повеќе од 20%.

**Имињата на улиците**, плоштадите, мостовите **и другите јавни објекти** се определуваат со одлука на Општинскиот совет, со употреба на „Бадинтерово мнозинство” и со следниве правила:

- Име на инфраструткурен објект може да биде определено со: географско, етнографско, историско или друго значење, име на истакната личност од историјата, науката и културата, други погодни имиња, како и значаен настан и датум, врз основа на листа на имиња определена од Општинскиот совет по добиена согласност од Владата.
- Не е дозволено на инфраструктурни објекти да им се даваат имиња кои го навредуваат достоинството на државата, ги навредуваат националните чувства на македонските граѓани и на граѓаните на други држави, како и ако ги влошуваат односите меѓу заедниците, обичаите и јавниот морал.[6]

**Определувањето и употребата на грбот и знамето** на општината се регулирани со Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, во кој стои следново: Општинскиот совет усвојува одлука за определување на надлежното тело за истакнување на знамето на заедницата во општините каде мнозинството граѓани (над 50%) припаѓаат на определена заедница.

Гореспоменатите прашања се сметаат за релевантни за односите меѓу заедниците, што значи дека секогаш кога Советот усвојува пропис поврзан со овие прашања, обврзан е да го земе предвид мислењето на Комисијата за односи меѓу заедниците.

## 5.2 Превенција и разрешување на конфликти и недоразбирања

Постојат низа настани и случаи кои директно или индиректно можат да поттикнат меѓуетничка нетолеранција и недоверба, или да генерираат губење на доверба или конфликти. Во секојдневието (како резултат на политичко влијание, поттикнување, предрасуди или стереотипи), има настани и случаи кои луѓето ги интерпретираат како етнички мотивирани или како меѓуетнички конфликт. Понатамошните анализи на овие случаи може да покажат дека тие не биле етнички мотивирани и дека решението може да се најде со едноставна конструктивна дискусија.

[6] Закон за определување на имињата и улиците, плоштадите, мостовите и други инфраструктурни објекти, Службен весник на РМ, 66/2004.

Во изминатиот период, како најкарактеристични, беа забележани следните случаи:

- Споровите меѓу децата во училиштата и споровите меѓу децата на улица;
- Сегрегација на децата и учениците;
- Спорови околу напасување на добитокот;
- Уништување / вандализам на гробишта и патни знаци;
- Уништување на автобуси (фрлање камења врз автобуси и возови).

Со цел да се делува превентивно врз ваквите случаи, општинските КОМЗ треба да дискутираат за овие проблеми, да ги дадат своите мислења и да предложат можни решенија и превентивни мерки до Советот на општината. Исто така, КОМЗ може да организира заеднички средби со претставници од различните етнички заедници за да дебатираат и да спречат понатамошни тензии или слични состојби и ситуации. КОМЗ може да одигра клучна улога работејќи со сите инволвирани и одговорни страни, да посредува и да се вклучи во дискусии со нив.

## Позитивни примери:

Во минатиот мандат КОМЗ од Општина Сопиште беше една од најактивните КОМЗ со одржани повеќе од десет седници на КОМЗ, а најпрепознатлива беше по поддржувањето на иницијативата на Општината за промовирање на добри од носи меѓу заедниците и запознавање на верските обичаи преку организирање Бајрамска средба  во населеното место Св.Петка и Божиќна средба во Општината Сопиште при што жителите од различни вероисповеди одат да им го честитаат празникот на сожителите, а се пречекани со сите обичаи  и традиции кои ги негуваат заедниците во врска со овие празници.

# 6 Препораки до Советот на општината за избор на членови на КОМЗ

Поради непостоење упатство од страна на Министерството за локална самоуправа и поради флексибилноста која го нуди нивниот статут, општините имаат формирано КОМЗ врз основа на локалните состојби и карактеристики. Членството на КОМЗ главно се состои од членови на совет и надворешни членови. Во составот на комисиите, членовите кои се и советници, честопати имаат повеќ е информации и поголемо политичко влијание. Од друга страна, овие членови може да претставуваат и ризик за работата на КОМЗ поради можните политички влијанија.

Улогата на Комисијата за односи меѓу заедниците ќе добие смисла и значење доколку се исполнат условите и истите претставуваат форма преку која граѓаните на немнозинските етнички заедници ќе обезбедат ефективна партиципација во локалниот развој во општината.

» Кандидирањето и изборот на членовите да биде поставено на широка основа (да излезе од тесните рамки на Советот и на политичките партии: да се вклучат граѓаните, локалните лидери, граѓанските организации (ГО), јавноста, медиумите итн.);

» Неопходно е да постои јавен повик за искажување на интерес, преку интензивна комуникација со ГО и со политичките партии на помалите етнички заедници и локалните лидери и препораки за одредено лице почитувано и признато во заедницата;

» За членови на Комисијата да бидат предложени двојно повеќе кандидати од потребниот број и најмалку половина да бидат женски кандидати;

» Да биде составена од еднаков број членови од сите заедници;

» Претседателот да не биде од мнозинската заедница во општината;

» Комисијата, од редовите на своите членови, секоја година, по ротационен принцип да го избира претседателот и заменик-претседателот;

» Поради политичка независност, мандатот на членовите на КОМЗ, да трае 3 или 5 години, односно да не се поклопува со мандатот на членовите на Советот на општината.

## 6.1 Профил на соодветен член на КОМЗ

Соодветниот член на КОМЗ препорачливо е да ги исполнува следните критериуми, но не и да се ограничи само на нив:

- Да биде почитуван и признат од својата и од другите заедници;
- Да има познавање на локалните состојби и потреби на граѓаните;
- Добро познавање на вредностите и традицијата на сите етнички заедници што живеат во дадената општина;
- Општи познавања на техниките и методите за превенција и разрешување на конфликти, како и медијација;
- Способност и вештини за тимска работа;
- Разбирање за потребите на другиот;
- Толерантен;
- Искуство или желба за волонтерска работа.

# 7 Комуникација помеѓу КОМЗ и Советот на општината

Од голема важност за функционирањето на КОМЗ е редовното следење на дневниот ред на седниците на Советот на општината за да може да идентификува релевантни прашања кои се во нејзина надлежност. Исто така, членовите на Советот може да побараат мислење од КОМЗ доколку на агендата на Советот на општината се најде прашање кое е во нејзина надлежност. И во двата случаја потребно е постоење на развиена непречена комуникација по писмен пат на релација Совет- КОМЗ- Совет.

На тој начин, Комисијата би имала доволно простор да се состане и да ги продискутира прашањата и дури да се консултира со експерти по некое конкретно прашање. КОМЗ, исто така, е овластена да побара и помош од општинската администрација при елаборирањето на определени прашања. Како конечен процедурален чекор во овие случаи, КОМЗ го доставува своето мислење/предлог до Советот пред тој да донесе одлука по определеното прашање.

Начинот на доставување на резултатите од работата на КОМЗ до Советот се дефинира со Деловникот за работа  на КОМЗ, но се препорачува редовно, соодветно и навремено архивирање на целокупната документација на КОМЗ согласно Законот за архивско работење.

Назначувањето на одговорно лице од страна на општинската администрација кое ќе ги врши административните работи на Комисијата може многу да ја олесни работата на КОМЗ од логистички и административен аспект, како на пример, праќање на покани и друга кореспонденција, водење записник од состаноците, обезбедување на потребните документи и други материјали потребни за работа. Ова произлегува и од членот 60 од Законот за локална самоуправа, каде што е предвидено општинската администрација да ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.

# 8 Соработка на КОМЗ со други заинтересирани страни

## 8.1 Соработка со медиумите

Медиумите претставуваат значаен извор на информации за членовите на КОМЗ за релевантните области од интерес за работата на КОМЗ. Од друга страна пак, медиумите се клучното средство за презентирање на гласот на КОМЗ, овозможувајќ и достапност на информациите за работата на КОМЗ, ставовите по одредени прашања и можноста нивните ставови да стигнат до пошироката јавност. Токму преку медиумите, КОМЗ може да изградат мостови до нивната целна група, поддржувачи, донатори и влијателни личности, како и да влијаат врз медиумите да известуваат за позитивни примери во односите меѓу заедниците.

Имајќи ја предвид важноста на медиумите, како клучни канали за информации/комуникација, релевантни општествени актери, како и партнери и потенцијални сојузници, а заради транспарентност во својата работа, неопходно е КОМЗ да ги преземат следните активности:

- да воспостават редовна комуникација со медиумите;

- КОМЗ да претставува релевантен орган за давање мислења за работи кои се однесуваат на прашањата на немнозинските заедници;

- да се обезбеди редовно присуство на медиумите на седниците на КОМЗ;

- да се одреди лице за контакт, одговорно за контактите со медиумите;

- контакт-деталите на членовите на КОМЗ да бидат истакнати на видни места (огласна табла на општината, интернет-страница, општински портали, информатори на локалните медиуми и сл.)

## 8.2 Соработка со здруженија на граѓани

Граѓанските организации (ГО) се важна форма за учество и влијание во процесот на одлучување во локалната заедница. Во последниве години, граѓанскиот сектор ја зголеми својата способност да извршува застапувачки и лобирачки активности, како и да соработува со локалните власти.

ГО имаат учествувано во јавни дискусии за идентификување на приоритетите за локален развој. ГО имаат култивирано односи со локалните власти и повеќето градоначалници ја разбираат потребата за партнерство со граѓанскиот сектор. Некои од нив имаат создадено работни места за врски со ГО за да ги координираат активностите помеѓу ГО и општинската власт.

Околу 300 активни ГО (од 6000 регистрирани) играат значајна улога во бранењето на граѓанските права и во охрабрувањето на граѓаните да учествуваат во процесот на одлучување. Со добри програми и проекти, овие ГО би можеле да бидат дури уште поактивни во промовирањето на свесноста и обезбедувањето информации за активностите на локалната самоуправа.

Членството во овие локални здруженија обезбедува организиран начин на лобирање и вршење притисок за да се промовираат локалните интереси. Локалната власт треба да ги вклучи сите вакви интереси во граѓанското општество за да помогнат во мобилизацијата на ресурси за локалниот економски и социјален развој. Бидејќи институциите на локалната самоуправа се релативно слаби, влијанието на овие додатни актери може да има значајно влијание врз локалниот развој и локалниот квалитет на живот на граѓаните.

Во овој контекст, значајно е учеството на претставници на граѓанскиот сектор во КОМЗ, кои со своето искуство ќе ја унапредат работата на самата Комисија и истовремено ќе придонесат за ефикасно соочување со предизвиците и проблемите, поголемата вклученост на ГО-секторот во работата на КОМЗ ќе значи и нејзина поголема видливост и приближување до граѓаните.

Ова произлегува од фактот дека граѓанските организации располагаат со експерти и искуство во областа на меѓународно признатите стандарди на човекови и малцински права, начини на конструктивна комуникација, како и превенција и разрешување на конфликти.

# 9 Препораки за идната работа и функционирање на КОМЗ

» Законскиот мандат на општинските КОМЗ треба да се зајакнува. Нивното влијание во решавањето на прашања од етничка природа, треба да придонесе и нивниот мандат законски да се обезбеди. Мислењето или препораката од страна на КОМЗ до Општинскиот совет, во врска со специфични прашања на општината, може да стане задолжително пред да се гласа за мерки.

» Од особена важност е комисиите да имаат еден основен документ кој ги содржи главните регулативи за нивната работа, додека на секоја комисија треба да ѝ се дозволи документот да го приспособи на локалната состојба, во рамки на законот.

» Постои потреба од законски определени критериуми и методи за селектирање на членови на КОМЗ, надгледување на нивната работа и упатства во врска со нивните активности.

» Сите членови на КОМЗ треба да се третираат подеднакво кога се работи за надоместокот. Според законот, членовите на Советот примаат надоместок за секоја седница, но не и надворешните членови. Членовите 45 и 55 од ЗЛС треба да се преформулираат со цел да се обезбедат еднакви права за сите членови на КОМЗ.

» КОМЗ треба да имаат свој буџет за имплементирање на проекти. Локалните власти и меѓународните организации треба да бидат свесни за потенцијалот што го поседуваат КОМЗ во промовирањето на добрите односи на локално ниво.

» Потребно е да се имплементираат кампањи за подигнување на свеста за улогата и функцијата на КОМЗ, како и за тоа како можат да придонесуваат КОМЗ во негувањето на добрите меѓуетнички односи во општеството, вклучувајќ и ги сите заедници во процесот на донесување одлуки во врска со етничките прашања.

# 10 Искуства од други земји

Република Србија - **Совети за меѓунационални односи**

Република Србија по демографските обележја спаѓа во етнички релативно хетерогена држава. Србите сочинуваат близу 83% од населението. Најбројната малцинска заедница во Србија е унгарската, која единствена во структурата на населението учествува повеќе од 3%, потоа следуваат Бошњаците и Ромите, додека другата половина од вкупната малцинска популација ја сочинуваат Југословени, Хрвати, Албанци, Словаци, Власи, Руси, Украинци, Македонци, Романци, Буњевци и др. Во склад со ова Србија има развиено определена мултикултурна пракса на нормативно и институционално ниво.

Советите за меѓунационални односи се релативно нови органи и претставуваат единствена институционална форма за зачувување на стабилните меѓунационални односи и заштита на малцинските права на ниво на локална самоуправа во Р. Србија. Овие совети се воведени со Законот за локална самоуправа од 2002 година. Според критериумите што ги постави овој закон, од вкупно 169 општини во Србија, 68 имаат мултиетничка структура на населението (41 во Војводина и 27 во централна Србија. Со процесот на основање на советите се започнува во втората половина на 2004 и до денес совети се формирани во 43 општини, од кои 33 се од Војводина.

Во советите членуваат претставници на српскиот народ и националните малцинства. Членовите се предлагаат од страна на националните совети на малцинствата, а членовите од српска националност ги предлага работното тело за административни и кадровски прашања при општинското собрание.

Надлежностите на советите се да разгледуваат прашања поврзани со остварување, заштита и промоција на националната еднаквост во согласност со законот, да го информираат општинското собрание за своите предлози и ставови по кои собранието треба да се изјасни, како и да отпочнат постапка пред Уставниот суд за легалноста на одлуките на општинското собрание во случај да ги повредуваат правата на српскиот народ или националните малцинства.

## Република Хрватска - **Собрание и претставници на националните малцинства**

Р. Хрватска го гарантира правото на застапеност за припадниците на националните малцинства во претставничките тела на единиците на локалната и подрачната (регионална) самоуправа. Со цел унапредување, зачувување и заштита на положбата на националните малцинства во општеството, припадниците на националните малцинства избираат, на начин и услови утврдени со Уставниот закон за правата на националните малцинства од 2002, свои претставници заради учество во јавниот живот и управување на локално ниво преку собрание и претставници на националните малцинства во единиците на самоуправата.

Во единиците на самоуправите на чие подрачје припадниците на одредено национално малцинство учествуваат со најмалку 1,5% од вкупното население на самоуправата, во единиците на локалната самоуправа на чие подрачје живеат повеќе од 200 припадници на одредено национално малцинство, како и во единиците на подрачната (регионална) самоуправа на чие подрачје живеат повеќе од 500 припадници на национално малцинство, припадниците на секое малцинство може да изберат собрание на национално малцинство.

Во собранието на националните малцинства на општината се избираат 10 членови, во собранието на националните малцинства на градот се избираат 15 членови, додека пак во жупанијата се избираат 25 членови припадници на националните малцинства.

Собранието на националните малцинства претставува непрофитно правно лице. Својството на правно лице го стекнува со уписот во регистарот на собрание на националните малцинства што го води Министерството надлежно за општа управа.

Собранието на националните малцинства има право да предлага мерки за унапредување на положбата на малцинствата, да предлага кандидати за органите на државната управа и самоуправа, да биде известено за сите прашања што ги разгледуваат работните тела на самоуправните единици, а се однесуваат на националните малцинства, може да даваат предлози и мислења за програмите на радиото и телевизијата на локално и регионално ниво, кои се однесуваат на малцинските прашања, додека пак Министерството на единиците на самоуправите е должно од собранието да побара мислења и предлози за актите што ги уредуваат правата и слободите на националните малцинства.

# 11 Корисни адреси:

» Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)
www.zels.org.mk

» Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ)
www.swisscooperation.org.mk

» ОБСЕ-мисија во Македонија
www.osce.org/skopje/gov.mk

» Министерство за локална самоуправа (МЛС)
www.mls.gov.mk

» Влада на Р. Македонија
www.vlada.mk

» Собрание на Р. Македонија
www.sobranie.mk

» ОБСЕ-мисија во Србија
www.osce.org/serbia

» Совет на Европа
www.coe.int

» Институт за развој на заедницата (ИРЗ)
www.mic.org.mk

» Заеднички вредности
www.cv.org.mk

# 12 Библиографија

Комисии за односи меѓу заедниците, воспоставување, мандат и постојни искуства, Здружение “Институт за развој на заедницата”, Тетово, 2007;

Комисија за односи меѓу заедниците – можност за ефективна партиципација на етничките заедници (малцинства) во процесот на одлучување на локално ниво во Република Македонија, Заеднички вредности, 2007;

Савети за међунационалне односе, Модели, Одлуке о оснивању и Правилника о раду, Организација за европску безбедност и сарадњу Мисија у Србији, Београд, 2009;

Веб-страницата на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) - www.zels.org.mk

Закон за локална самоуправа, Службен весник 5/2002;

Закон за извршување на буџет на РМ 2007;

Закон за култура, Службен весник 59/2003;

Закон за библиотеки, Службен весник 66/2004;

Закон за споменици, Службен весник 66/2004;

Закон за заштита на културното наследство, Службен весник 20/2004;

Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, Службен весник 66/2004.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "СВ. Климент Охридски" , Скопје

352.075.2:323.1(497.7) (036)

ПРАКТИЧЕН водич за работата на Комисиите за односи меѓу заедниците / [автори Љуљзим Хазири ... и др.]. - Скопје : Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС,
2009. - 32 стр. : табели ; 21см

Фусноти кон текстот. - Автори: Љуљзим Хазири, Маргита Стојановиќ,
Скендер Мехмети, Абуљазиз Фејзулаху. - Библиографија: стр. 30

ISBN 978-9989-186-36-3
1. Хазири, Љуљзим [ автор ]
а) Комисии за односи меѓу заедниците - Општини - Македонија-
Водичи
COBISS.MK-ID 78937098

ЗЕЛС на Р.М.
Женевска бб, 1000 Скопје
Tel. 02 30 99 033 Fax. 02 30 61 994
e- mail: contact@zels.org.mk
web: www.zels.org.mk